Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/19) и член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 16 мај 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Во Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија (“Службен весник на Република Македонија” бр.103/14 и 22/17 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.19/20) во точката 1 зборовите “Друштво за трговија и услуги СОЛАРИС ПАУЕР ЕНЕРЏИ СИСТЕМИ ДООЕЛ Скопје со седиште на адреса ул. Љуба Ивановиќ бр 37 б Скопје” се заменуваат со зборовите “Друштвото за трговија и услуги ИНФИНИТИВЕ ПАУЕР ДООЕЛ Скопје”.
   Во Прилогот 1 во точката 1. Назив и седиште на носителот на лиценца зборовите “Друштво за трговија и услуги СОЛАРИС ПАУЕР ДООЕЛ Скопје” се заменуваат со зборовите “Друштво за трговија и услуги ИНФИНИТИВЕ ПАУЕР ДООЕЛ Скопје”.

2. Измената на лиценцата од точка 1 на оваа одлука се врши согласно известување за настанати промени во називот и седиштето на Друштвото.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за трговија и услуги ИНФИНИТИВЕ ПАУЕР ДООЕЛ Скопје, со седиште на Булевар “Илинден” бр.100 А Скопје-Карпош (во натамошниот текст: Друштво), на 9 мај 2022 година до Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, достави Известување за настанати промени кај носител на лиценца УП1 бр.12-122/22 од 9 мај 2022 година, за настанати промени во називот, сопственичката структура и овластеното лице на Друштвото.

Регулаторната комисија за енергетика, согласно член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци по службена должност врши промени на лиценцата, бидејќи Друштвото изврши промена на називот.

Називот на Друштвото се менува од “Друштво за трговија и услуги СОЛАРИС ПАУЕР ДООЕЛ Скопје” во “Друштво за трговија и услуги ИНФИНИТИВЕ ПАУЕР ДООЕЛ Скопје”.

Регулаторна комисија за енергетика во постапката по ова Известување го примени член 32 од Правилникот за лиценци и на 11 мај 2022 година на својата веб страница објави Соопштение за поднесеното Известување.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Известување е потполно и согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа со Решение бр.02-1236/2 од 16 мај 2022 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 16 мај 2022 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* и член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за изменување на Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија на Друштво за трговија и услуги СОЛАРИС ПАУЕР ДООЕЛ Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.

**УП1 бр. 12-122/22**
**16 мај 2022 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**